Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28-та седница одржана на 27.07.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-2950/1 од 26.07.2022 година за поведување прекршочна постапка против ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 53 ставови 5 и 17 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-2875/1 од 20.07.2022 година на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека на 21 и 26 април 2022 година, се емитувани телешопинг спотови за „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули“ и „Алерго Протект - 500 мл.“, од операторот со храна „Натура терапи“ ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр.** 02-2933/3

27-07-**2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**